Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки /„Службен весник на Република Македонија„ бр. 136/07/ и член 36 од Статутот на Општината Центар, /„Службен гласник на Општината Центар„ бр. 01/06/, градоначалникот на Општината донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за изменување и дополнување на**
**Решението бр. 08-1538/1**

1. Во Решението за утврдување на потреба од јавна набавка за услуга-лиење во бронза на коњанички скулптури на „Гоце Делчев„ и „Даме Груев„ број 08-1538/1 од 03.06.2008 година, во точката 2, средствата од „8.000.000,00 денари „се заменуваат со „55.000.000,00„ денари.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 28 од Законот за јавна набавка, Градоначалникот на Општина Центар донесе Решение за јавна набавка за услуга – лиење во бронза на коњанички скулптури на „Гоце Делчев„ и „Даме Груев„ бр. 08-1538/1 од 03.06.2008 година со кое средствата за набавка беа утврдени во висина до 8.000.000,00 денари.

Одборот за подигање на спомен обележјето на „Гоце Делчев„ и „Даме Груев„ на својата седница одржана на 18.06.2008 година констатира дека обезбедените средства во висина до 8.000.000,00 денари се недоволни за реализација на набавката.

Поради тоа Одборот заклучи да му предложи на Градоначалникот на Општина Центар средства од точката 2 на Решението број 08-1538/1 да се зголемат од 8.000.000,00 денари на 55.000.000,00 денари.

Врз основа на записникот и извештајот на Одборот за подигање на спомен обележје на „Гоце Делчев„ и „Даме Груев„, Градоначалникот на Општина Центар одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Бр. 08-1538/2**
**18.06.2008 г.**
**С к о п ј е**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Виолета Аларова**

/и/реш.имен.и допол./1/